РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09 - 515/1
15.04. 2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на член 24, став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ" бр.78/15,106/15,153/15,190/16, 21/18, и („Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/21), Одлуката на Советот на Општина Валандово за продажба на недвижна ствар во сопственост на Општина Валандово на КП 515/4 КО Раброво бр. 08-97/11 од 30.08.2024 година („Службен гласник на Општина Валандово" бр.7/24), Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари на Општина Валандово врши:

**ОБЈАВА БР. 01/2025**
**за продажба на недвижна ствар сопственост на Општина Валандово по втор пат**

1. ПРЕДМЕТ НА ПРОДАЖБА СО ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Предмет на оваа објава е продажба на недвижна ствар во сопственост на Општина Валандово на КП 515/4 КО Раброво бр. 08-97/11 од 30.08.2024 година („Службен гласник на Општина Валандово" бр.7/24) по вторпат.

2. ПОДАТОЦИ ЗА НЕДВИЖНОСТА КОЈА Е ПРЕДМЕТ НА ПРОДАЖБА

Предмет на оваа објава е продажба на недвижен имот кој се наоѓа на КП 515/4 КО Раброво, запишан во имотен лист број 585 за КО Раброво, со запишано право на сопственост на Општина Валандово и се состои од:

Лист Б:
-КП 515/4, м.в Рудник, кат. Култура 50000 1 (под зграда), со вкупна површина од 245 $m^2$.

Лист В:
-КП 515/4, м.в Рудник, објект бр. 1, намена-деловна зграда во стопанство, влез 1, кат 1, површина 211$m^2$,
-КП 515/4, м.в Рудник, објект бр. 1, намена-лоѓии, балкони и тераси, влез 1, кат 1, површина 8$m^2$,
-КП 515/4, м.в Рудник, објект бр. 1, намена-деловна зграда во стопанство, влез 1, кат ПО површина 201$m^2$,
-КП 515/4, м.в Рудник, објект бр. 1, намена-лоѓии, балкони и тераси, влез 1, кат ПР, површина 8$m^2$,
-КП 515/4, м.в Рудник, објект бр. 1, намена-деловна зграда во стопанство, влез 1, кат ПР површина 201$m^2$,

Земјиштето на кое се наоѓа недвижниот имот кој е предмет на отуѓување не е планирано ниту со урбанистички план, ниту со урбанистичко-проектна документација, ниту е во опфат на урбанистички план или на урбанистичко-проектна документација во постапка на донесување.

3. ПОЧЕТНА ЦЕНА НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Почетната цена на јавното наддавање за продажба на опишаниот недвижен имот е утврдена согласно Извештајот за процена на недвижен имот од Трговец поединец за вештачење и проецна Д-р Атанас Ѓорги Џуровски ТП Ресен со деловоден бр. 01-117 од 12.08.2024 година и изнесува 6.083.273 денари.

4. БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА

Банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2,0% од проценетата вредност на недвижната ствар, за учество на јавното наддавање односно банкарска гаранција во износ од 121,665 денари, со рок на важење најмалку до 01.06.2024 година.

Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на јавното наддавање му се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање, а банкарската гаранција на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 дена од денот на солемнизација на договорт.

5. РОК И НАЧИН ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ И ВРЕМЕ НА ПОЧЕТОК НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Рокот за поднесување на пријава за учество на јавното наддавање е 15 дена од денот на објавување на објавата, заклучно со 30.04.2025 година (среда).

Пријавата за учество на јавното наддавање се поднесува на електронскиот систем на интернет страницата www.e-stvari.mk, и треба да ги содржи сите податоци и докази кои се утврдени во објавата за електронско јавно наддавање, освен банкарската гаранција која се доставува и во оригинал во архивата на Општина Валандово.

Електронското јавно наддавање ќе се одржи на ден 05.05.2025 година (понеделник) со почеток од 12:00 часот;

Електронското јавно наддавање ќе се одржи на интернет страница www.e-stvari.mk.

6. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на електронското јавно наддавање имаат сите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица кои можат да се стекнат со сопственост на движните ствари на територијата на Република Северна Македонија согласно со закон и кои ги исполнуваат условите дадени во објавата.

Заинтересираните лица можат да учествуваат со поднесување на Пријава за учество на јавното наддавање. Образецот за пријавата на учество и Изјава за прифаќање на условите можат да се подигнат секој ден во просториите на Општина Валандово, како и на веб страната на Општина Валандово.

Увид на недвижната ствар може да се изврши секој работен ден во периодот од 08 до 14 часот на КП 515/4 КОРаброво. Лице за контакт: Горан Дончев тел.072-279-936.

7. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Заинтересираните правни и физички лица поднесуваат Пријава за учество на електронското јавно наддавање, која треба да содржи:

7.1. Изјава за прифаќање на условите што се дадени во Објавата;

7.2. Банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2 % од проценетата вредност на недвижната ствар, за учество на јавното наддавање. Покрај електронски, банкарската гаранција за сериозност на понудата треба во писмена форма (во оригинал) да се достави на адреса – Општина Валандово ул.„Иво Лола Рибар“ бб Валандово за Комисија за располагање со недвижни и движни ствари на Општина Валандово до крајниот рок за поднесување на пријавата за учество на јавното наддавање. Недоставувањето на банкарската гаранција во писмена форма до Комисијата ја прави пријавата неприфатлива и истата ќе биде одбиена.

7.3. Доказ за идентитет за правни лица;

– тековна состојба од Централен регистар на РСМ – не постара од шест месеци (за домашни правни лица);

– извод од регистрација од соодветен регистар во државата од која доаѓа (за странски правни лица);

7.4. Доказ за идентитет на физички лица:
– копија од лична карта или патна исправа;

7.5. Е-маил адреса на подносителот на пријавата, преку која ќе се врши постапката на регистрирање за учество на електронско јавно наддавање, односно ќе му бидат испратени корисничкото име и шифра за пристап на страната www.e-stvari.mk на која што ќе се одвива електронското јавно наддавање.

**НАПОМЕНА:** За да можете непречено да поднесете пријава за учество на јавно наддавање и да учествувате во јавното наддавање потребно е да имате активна електронска пошта (email) како и прелистувач (browser) од следниве верзии на прелистувачи: **Internet Explorer верзија 10 и понова., Mozila Firefox верзија 44 и понова., Google Chrome верзија 47 и понова., Android Прелистувачи од верзија 4.4 и понова., Safari Прелистувач верзија 9 и понова., Opera Прелистувач верзија 36 и понова.**

Комисијата, по приемот на пријавите, утврдува дали се доставени во определениот рок и дали се комплетирани, согласно со условите во објавата, по што ги известува подносителите на пријавите по електронски пат. На подносителите на пријавите кои се комплетни, Комисијата во рок од 3 (три) дена од денот на доставувањето на понудите им доставува корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање, а на подносителите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното наддавање.

8. ПОСТАПКА

Јавното наддавање започнува со објавување на почетната цена на недвижноста и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.

Јавното наддавање ќе се одржи и доколку по Објавата се пријавил само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во Објавата и ја наддаде почетната цена.

Во првите пет минути од јавното наддавање учесниците можат да ја прифатат односно зголемуваат цената на недвижноста. Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда. Јавното наддавање продолжува неограничено, се додека во временски интервал од две минути има нова понуда.

Доколку во првите пет минути од јавното наддавање не е прифатена понудата, односно не е дадена повисока понуда од учесникот на јавното наддавање, вредноста на движната ствар се намалува за 2% од проценетата вредност по што учесниците на јавното наддавање повторно имаат можност да ја прифатат односно зголемуваат цената на возилото без притоа да се ограничува минималниот чекор на зголемување. Доколку во истекот на последните две минути од вторите пет минути од јавното наддавање од страна на учесниците е прифатена понудата, односно дадена е повисока понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема дадено нова понуда. Доколку во времетраење од 5 минути повторно нема понуда, вредноста на движната ствар повторно се намалува за 2% од првичната проценета вредност. Намалувањето на вредноста на недвижната ствар во текот на наддавањето, доколку станува збор за објава по вторпат може да биде најмногу до 30%, доколку на јавното наддавање се пријавил само еден заинтересиран учесник, а доколку се пријавиле двајца или повеќе учесници, намалувањето на вредноста на недвижната ствар може да биде до најмногу 50% од проценетата вредност.

За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена која претставува највисока цена за продажба на движната ствар.

Комисијата по завршување на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој се доставува до сите учесници на јавното наддавање.

Учесниците имаат право на Приговор само по однос на постапката за јавно наддавање, во рок од три дена од одржувањето на јавното наддавање до Комисијата, која одлучува по приговорот со Решение во рок од 5 дена од приемот на приговорот. Против решението може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор е должен да ги уплати средствата согласно постигнатата крајна цена за возилото на сметка на Општина Валандово, а доколку не ги уплати во овој рок нема да се пристапи кон склучување на договор, банкарската гаранција ќе биде активирана, а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната недвижна ствар.

Со најповолниот понудувач, во рок од 15 работни дена по извршената уплата на цената постигната на јавното наддавање, се склучува Договор за продажба на недвижните ствари. Обврската за плаќање на данок на промет на недвижноста паѓа на товар на купувачот. Договорот во рок од 30 дена купувачот го доставува кај нотар заради вршење на солемнизација. Обврската за трошоци за солемнизација на Договорот и обврската за спроведување на солемнизираниот договор во Агенцијата за катастар на недвижности паѓа на товар на купувачот.

Оваа објава ќе биде објавена на web страната на Општина Валандово, на електронскиот систем www.e-stvari.mk и во два дневни весници.

Комисија за располагање со недвижни и движни ствари на Општина Валандово

Претседател: Горан Дончев

Член: Стефан Димитров

Член: Илија Матеев